# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2010 ГОДИНА

2/28/2011

## Снабдување Запад Дооел Скопје

*ЛИЦЕНЦА БР.02-2243/1*
*06.10.2009 Год.*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2010 ГОДИНА

## СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ СКОПЈЕ 2010

СОДРЖИНА

1 ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО....2
2 ОСТВАРЕН ТОПЛИНСКИ КОНЗУМ И ИСПОРАЧАНА ЕНЕРГИЈА ПО КАТЕГОРИЈА НА КОРИСНИЦИ....4
2.1 НОВО ПРИКЛУЧЕН КОНЗУМ ВО 2010 ГОДИНА ....7
3 ЦЕНА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА....9
4 ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ....10
4.1 НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊА КАЈ КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА....13
4.2 НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊА КАЈ КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ....16
4.3 НАПЛАТА НА РЕДОВНИ И ТУЖЕНИ ПОБАРУВАЊА НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ....19
5 ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ВО 2010 ....21
5.1 БИЛАНС НА УСПЕХ....21
5.2 БИЛАНС НА СОСТОЈБА....22
5.3 КЛУЧНИ БРОЈКИ....25
6. ОПЕРАТИВНА И РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА ВО 2011 ГОДИНА....26

## 1 ОРГАНИЦАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ - Скопје е друштво за снабдување со топлинска енергија, во приватна сопственост .

Друштвото е формирано во месец ноември 2008 година од страна на Топлификација АД – Скопје како единствен содружник – основач на друштвото.

Во деловната 2010 година СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ – Скопје својата основна дејност - снабдување со топлинска енергија на крајните потрошувачи ја извршуваше согласно зацртаната деловна политика за 2010 година , преку следните активности.

- склучување на договори со нови и постоечки потрошувачи
- прием на нови потрошувачи во системот
- контрола и мониторинг на квалитетот и квантитетот на испорачаната енергија
- мерење и распределба на испорачаната енергија
- фактурирање на измерената и распределена енергија по потрошувачи
- наплата на фактурираната енергија
- аналитичка евиденција на побарувањата по потрошувачи
- тужење и присилна наплата на тужени побарувања
- администрирање на работењето

**Организациона поставеност**

Организационата структура на друштвото ја сочинуваат:

- Работна единица за продажба наплата и евиденција
- Работна единица за правни работи,управување,работни односи и наплата на тужени побарувања
- Работна единица за аналитика,прием и контрола на корисници и квалитетна услуга.

Организационата структура на друштвото е прилагодена за извршување на приоритетната дејност т.е. снабдување со топлинска енергија.

## Број на вработени и стручна подготовка

На крајот на 2010 година бројот на вработени во друштвото  изнесува 30.

Составот и стручната подготовка на вработените овозможува целосно извршување на сите предвидени работни активности во друштвото.

Во следната табела е даден бројот на вработени врз основа на нивната квалификациона структура и припадност во организационата поставеност, заклучно со 31.12.2010 година.

**Табела 1 Квалификациона структура со состојба на 31.12.2010 година**

| Предвиден степен на квалификација | Биро на Управител | РЕ за продажба наплата и евиденција | РЕ за правни работи ,управување ,работни односи и наплата на тужени побарувања | РЕ за аналитика, прием и контрола на корисници и квалитетна услуга | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **VII/ВСС** | 2 | 1 | 1 | 1 | **5** |
| **VI/ВСС** | | | | | **0** |
| **V** | | | | | **0** |
| **IV/ССС** | | 20 | 3 | 2 | **25** |
| **III/КВ** | | | | | **0** |
| **II/ПК** | | | | | **0** |
| **I/НК** | | | | | **0** |
| **Вкупно:** | **2** | **21** | **4** | **3** | **30** |

## 2 ОСТВАРЕН ТОПЛИНСКИ КОНЗУМ И ИСПОРАЧАНА ЕНЕРГИЈА ПО КАТЕГОРИЈА НА КОРИСНИЦИ

СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ – Скопје својата регулирана дејност снабдување со топлинска енергија ја извршува со снабдување на потрошувачите со топлинска енергија од регулираниот производител на топлинска енергија, Топлификација АД Скопје и дистрибуирана од регулираниот дистрибутер на топлинска енергија , Дистрибуција на топлина ДООЕЛ , Скопје односно од топланата ЗАПАД, лоцирана во населбата Тафталиџе-Скопје.СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ –Скопје во согласност со лиценцата својата дејност ја извршува на подрачјето на Општина Ѓорче Петров,Општина Карпош,како и дел од Општина Центар.

Топлинскиот конзум на приклучените потрошувачи на дистрибутивната мрежа за кои се врши регулираната дејност -испорака на топлинска енергија од регулираниот производител Топлификација АД преку дистрибутерот Дистрибуција на топлина Дооел е прикажан во следниот табеларен преглед.

**Табела 2 Инсталирана снага и регистрирана енергија на праг на топлана**

| | *Јануари* | *Февруари* | *Март* | *Април* | *Октомври* | *Ноември* | *Декември* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***категорија ДОМАЌИНСТВА*** | | | | | | | |
| **Инсталирана снага (кW)** | 124,317 | 127,280 | 131,117 | 133,970 | 131,603 | 141,996 | 124,317 |
| **Регистрирана енергија (кWh)** | **28,842,152** | **23,119,108** | **16,854,114** | **3,407,951** | **9,678,754** | **12,872,155** | **28,842,152** |
| | | | | | | | |
| ***категорија ОСТАНАТИ*** | | | | | | | |
| **Инсталирана снага (кW)** | 38,296 | 41,272 | 39,863 | 42,306 | 40,765 | 43,497 | 38,296 |
| **Регистрирана енергија (кWh)** | **8,450,870** | **7,418,934** | **5,294,981** | **1,163,841** | **2,805,769** | **3,878,868** | **8,450,870** |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| ***ВКУПНО*** | | | | | | | |
| **Инсталирана снага (кW)** | 162,613 | 168,552 | 170,980 | 176,276 | 172,368 | 185,493 | 162,613 |
| **Регистрирана енергија (кWh)** | **37,293,022** | **30,538,042** | **22,149,095** | **4,571,792** | **12,484,523** | **16,751,023** | **37,293,022** |

**Табела 3 Инсталирана снага и регистрирана енергија на праг на корисник**

| | *Јануари* | *Февруари* | *Март* | *Април* | *Октомври* | *Ноември* | *Декември* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *категорија ДОМАЌИНСТВА* | | | | | | | |
| **Инсталирана снага (кW)** | 116,540 | 116,281 | 116,030 | 116,155 | 112,810 | 114,156 | 114,576 |
| **Регистрирана енергија (кWh)** | **25,008,875** | **21,028,197** | **14,914,753** | **2,948,128** | **8,296,622** | **10,348,446** | **26,571,926** |
| | | | | | | | |
| *категорија ОСТАНАТИ* | | | | | | | |
| **Инсталирана снага (кW)** | 37,841 | 37,705 | 35,276 | 36,680 | 34,944 | 34,969 | 35,295 |
| **Регистрирана енергија (кWh)** | **8,256,196** | **6,748,614** | **4,685,701** | **1,015,710** | **2,405,103** | **3,118,379** | **7,779,803** |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| *ВКУПНО* | | | | | | | |
| **Инсталирана снага (кW)** | 154,381 | 153,986 | 151,306 | 152,835 | 147,754 | 149,125 | 149,871 |
| **Регистрирана енергија (кWh)** | **33,265,071** | **27,776,811** | **19,600,454** | **3,963,838** | **10,701,725** | **13,466,825** | **34,351,729** |

Испорачаната топлинска енергија во Kwh   по месеци е прикажана во следниот графички приказ

**Графикон 1 – Испорачана топлинска енергија на потрошувачи по месеци во Kwh**




Учеството на испорачаната топлинска енергија по месеци во проценти во годината е прикажана во следниот графички приказ

**Графикон 2 – Учество на месеците во потрошувачката на топлинска енергија**



**Ново приклучен конзум**

Во текот на 2010 година беше извршено пробно греење на 30 објекти со вкупна инсталирана топлинска моќност од 4,155,651 KW.

Во следниот табеларен приказ се прикажани бројот на објектите и нивната моќност по тип на објекти кај кои е извршено пробно греење

**Табела 4 – Нов конзум пробно греење**

| вид на објект | број на објекти | инсталирана моќност (kW) | површина ($m^2$) |
|---|---|---|---|
| **домаќинства** | 28 | 2,635,651 | 22,527 |
| **останати** | 2 | 1,520,000 | / |
| **вкупно** | **30** | 4,155,651 | **22,527** |

Од објектите кај кои беше извршено пробно греење во редовен режим на работа како нови потрошувачи се приклучени 29 објекти со вкупно инсталирана топлинска моќност од 3,060,850 KW. Приклучениот конзум по категории на корисници е прикажан во следниот табеларен приказ

**Табела 5 – Ново приклучен конзум**

| вид на објект | број на објекти | инсталирана моќност (kW) | површина ($m^2$) |
|---|---|---|---|
| **домаќинства** | 27 | 1,540,850 | 13,083 |
| **останати** | 2 | 1,520,000 | / |
| **вкупно** | **29** | 3,060,850 | **13,083** |

Структурата на ново приклучениот конзум по категории на корисници е прикажана и во следниот графички приказ

**Графикон 3 Структура на ново приклучен конзум**



**Останати активности во РЕ за аналитика,прием и контрола на корисници и квалитет на услуга**

Во првата половина од грејната сезона 2010/2011 односно од 01.08.2010 до 31.12.2010 година во РЕ за аналитика,прием и контрола на корисници и квалитет на услуга примени се вкупно 186 дописи/писма и истите се одговорени согласно правилникот т.е. 15 дена од денот на прием.

Воедно во РЕ за аналитика,прием и контрола на корисници и квалитет на услуга извршени се и следните активности:

- Примени се и проследени 1950 барања
- Примени се 120 барања за проверка на квалитет на греење и истите се реализирани Комисијата за Квалитет на греење треба да ги разгледа и донесе заклучок и решенија за истите.
- Спроведени се 338 записници на основ на корекција на квадратура,моќност,исклучен и приклучен корисник.
- Спроведена е контрола на 15 топлински станици заедно со претставници од Дистрибуција на топлина Дооел
- Спроведена е контрола на 10 објекти со ТИ и констатирано е дека истите функционираат во ред.
- Спроведена е проверка на терен и врз основа на записниците извршена е соодветна корекција и во нашата евиденција на голем број корисници(ТЦ Олимпико Општина Карпош Општина Центар)

Во текот на 2010 година започнат е и проект за мерење на топлинската енергија на ниво на стан .

Извршени се сите неопходни подготовки за реализација на проектот. Дефинирани се 7 објекти за почеток на пилот проектот, направен е договор со куќните совети, извршена е нарачка на алокатори,калориметри,и целата потребна опрема.

Реализацијата на проектот е во тек.

## 3 ЦЕНА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Согласно Законот за Енергетика Дејноста на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје е регулирана од страна независно тело Регулаторна Комисија за Енергетика на Р.М. врз основа на Правилник за начин и услови за регулирање на цени на топлинска енергија.

Во Јануари 2010 година Регулаторната комисија за енергетика на Р.М. согласно одредбите од лиценцата определи цена за снабдување со топлинска енергија на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје.

Во Јули 2010 година СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје поднесе економско техничка документација за редовна контрола на цената на топлинската енергија согласно Правилникот за начин и услови за регулирање на цени на топлинска енергија за греење.

Во следниот табеларен преглед е прикажана одобрената цена за топлинската енергија во 2010 година.

**Табела 6 Цени на топлинска енергија за греење за 2010 година**

| р.б | Тарифни ставови | Един.мерка | Цена од 01.01.2010 | Цена од 01.08.2010 |
|---|---|---|---|---|
| **I** | **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| **1** | Ангажирана топл.моќност на ниво на мерно место | ден/Kw/година | 984.6067 | 1,096.35 |
| **2** | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/Kwh | 1.8276 | 2.0350 |
| **II** | **КАТЕГОРИНА ОСТАНАТИ** | | | |
| **1** | Ангажирана топл.моќност на ниво на мерно место | ден/Kw/година | 1,969.2134 | 2,192.70 |
| **2** | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/Kwh | 3.6552 | 4.0699 |

Како што можеме да видиме од табеларниот приказ во 2010 година имаше една корекција на цената и тоа во Јули 2010 каде Регулаторната комисија за енергетика на Р.М. со одлука бр. 08-26 од 29.07.2010год. Ја зголеми просечната цената за топлинска енергија за 11,35% со важност од 01.08.2010 год. Причината за зголемување на цената беше промени(зголемување) на трошоците за набавка на топлинска енергија од вршителот на енергетската дејност производство на топлинска енергија.

## 4 ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на зацртаната деловна политика за 2010 година СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје континуирано ги извршуваше своите оперативни активности за, наплата на побарувања ,евиденција и тужење на обврските кои произлегуваат од односите помеѓу друштвото и потрошувачите на топлинска енергија .

Во 2010 година Снабдување Запад за испорачаната топлинска енергија на потрошувачите во периодот од јануари до декември 2010 година фактурираше 631,783,104 денари, а од вкупно фактурираниот износ беа наплатени 472,753,071 денари.

Во следниот табеларен преглед се прикажани приливите по месеци во однос на задолжението од претходниот месец и вкупно наплатеното во годината во корелација со фактурираното.

**Табела 7 Наплата на побарувања од продажба на топлинска енергија по месеци(во денари)**

| период | фактурирано | период | наплата (прилив) | разлика +/- | кумулативно +/- | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| фак 01/10 | 91,656,638 | напл 02/10 | 33,107,484 | -58,549,154 | -58,549,154 | 36.12 |
| фак 02/10 | 82,293,123 | напл 03/10 | 61,922,392 | -20,370,731 | -78,919,885 | 75.25 |
| фак 03/10 | 72,480,046 | напл 04/10 | 49,664,477 | -22,815,569 | -101,735,454 | 68.52 |
| фак 04/10 | 44,630,257 | напл 05/10 | 38,963,869 | -5,666,388 | -107,401,841 | 87.30 |
| фак 05/10 | 20,720,126 | напл 06/10 | 29,967,518 | 9,247,393 | -98,154,449 | 144.63 |
| фак 06/10 | 20,364,279 | напл 07/10 | 29,956,989 | 9,592,711 | -88,561,738 | 147.11 |
| фак 07/10 | 19,624,003 | напл 08/10 | 33,264,717 | 13,640,715 | -74,921,024 | 169.51 |
| фак 08/10 | 33,808,011 | напл 09/10 | 43,511,812 | 9,703,802 | -65,217,222 | 128.70 |
| фак 09/10 | 33,208,723 | напл 10/10 | 36,248,566 | 3,039,844 | -62,177,379 | 109.15 |
| фак 10/10 | 58,150,619 | напл 11/10 | 48,909,609 | -9,241,010 | -71,418,389 | 84.11 |
| фак 11/10 | 72,204,488 | напл 12/10 | 67,483,481 | -4,721,007 | -76,139,395 | 93.46 |
| фак 12/10 | 82,642,795 | напл 01/11 | 53,184,680 | -29,458,115 | -105,597,510 | 64.35 |
| | 631,783,104 | | 526,185,594 | -105,597,510 | 83.29 | 83.29 |

Претходниот преглед покажува дека наплатеното е за 16,71% помало од фактурираното (главен долг плус задолженијата за камата).На прв поглед ова е загрижувачка состојба,меѓутоа треба да се има во предвид дека во истата деловна година Снабдување Запад покрај своите фактурирани услуги за топлинска енергија за деловната 2010 година,ги наплаќаше и редовните и тужените побарувања на Топлификација АД од претходните грејни сезони.

По основ на овие побарувања е наплатено вкупно цца 146 милиони денари (95 милиони редовни побарувања и цца 51 милион тужени побарувања),парични средства од кои дел се трансферирани на жиро сметка на Топлификација АД  преку жиро сметката на Снабдување Запад, цца 101 милион а дел се директно уплатени од потрошувачите на жиро сметка на Топлификација АД , цца 45 милиони.

Прикажаната наплата во најголем дел е заслуга на оперативните активности на Снабдување Запад и е индикатор дека во деловната 2011 ќе има приливи за стари побарувања на Снабдување Запад кои би ги компензирале недоволните приливи од тековната наплата во 2011 година

**Графикон 6 Наплата на побарувања од продажба по месеци**




**Графикон 7 Процент на наплата на побарувања по месеци**



**Табела 8 Вкупен прилив на жиро сметка на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД по месеци во 2010 год.**

| период | фактурирано | период | наплата (прилив) | разлика +/- | кумулативно +/- | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **фак 01/10** | 91,656,638 | прилив 02/10 | 63,548,253 | -28,108,385 | -28,108,385 | **69.33** |
| **фак 02/10** | 82,293,123 | прилив 03/10 | 89,803,917 | 7,510,794 | -20,597,591 | **109.13** |
| **фак 03/10** | 72,480,046 | прилив 04/10 | 56,196,734 | -16,283,312 | -36,880,903 | **77.53** |
| **фак 04/10** | 44,630,257 | прилив 05/10 | 46,396,231 | 1,765,974 | -35,114,929 | **103.96** |
| **фак 05/10** | 20,720,126 | прилив 06/10 | 36,591,837 | 15,871,712 | -19,243,218 | **176.60** |
| **фак 06/10** | 20,364,279 | прилив 07/10 | 37,343,850 | 16,979,572 | -2,263,646 | **183.38** |
| **фак 07/10** | 19,624,003 | прилив 08/10 | 33,458,492 | 13,834,489 | 11,570,843 | **170.50** |
| **фак 08/10** | 33,808,011 | прилив 09/10 | 38,945,359 | 5,137,349 | 16,708,192 | **115.20** |
| **фак 09/10** | 33,208,723 | прилив 10/10 | 40,523,503 | 7,314,780 | 24,022,972 | **122.03** |
| **фак 10/10** | 58,150,619 | прилив 11/10 | 54,923,917 | -3,226,703 | 20,796,269 | **94.45** |
| **фак 11/10** | 72,204,488 | прилив 12/10 | 73,243,782 | 1,039,294 | 21,835,563 | **101.44** |
| **фак 12/10** | 82,642,795 | прилив 01/11 | 56,905,894 | -25,736,900 | -3,901,337 | **68.86** |
| | **631,783,104** | | **627,881,767** | **-3,901,337** | **99.38** | **99.38** |

**Наплата на побарувања кај категорија Домаќинства**

Во категорија Домаќинства се вбројуваат категориите колективни и индивидуални станбени објекти.

Наплатата на побарувањата од домаќинства за тековната година по месеци е прикажана во следниот табеларен преглед.

**Табела 9 Наплата на побарувања кај категорија домаќинства (денари) на 31.12.2010**

| месец | задолжение за месецот | салдо на 31.12.2010 | наплатено во годината | % на наплата |
|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | 41,151,225 | 1,695,915 | 39,455,310 | 95.88% |
| **Февруари** | 39,432,290 | 2,064,410 | 37,367,880 | 94.76% |
| **Март** | 38,295,149 | 2,207,474 | 36,087,675 | 94.24% |
| **Април** | 33,725,763 | 1,893,406 | 31,832,357 | 94.39% |
| **Мај** | 20,564,832 | 1,306,053 | 19,258,779 | 93.65% |
| **Јуни** | 20,375,463 | 1,419,847 | 18,955,616 | 93.03% |
| **Јули** | 20,128,902 | 1,470,602 | 18,658,301 | 92.69% |
| **Август** | 33,289,736 | 3,439,191 | 29,850,545 | 89.67% |
| **Септември** | 32,988,140 | 4,280,402 | 28,707,739 | 87.02% |
| **Октомври** | 37,950,430 | 7,484,884 | 30,465,546 | 80.28% |
| **Ноември** | 40,154,978 | 15,916,500 | 24,238,478 | 60.36% |
| **Вкупно** | **358,056,905** | **43,178,682** | **314,878,224** | **87,94%** |

**Графикон 8 Наплата на побарувања од продажба по месеци на настанување(денари)**




Податоците за наплатено во Декември не се прикажани бидејќи наплатата по задолжението во Декември е реализирана во 2011година и заклучно со 31.01.2011 година процентот за наплата на декемвриското задолжение е 58,81%.

**Табела 10 Наплата на побарувања кај категорија домаќинства по валути**

| месец | во валута | 30 дена по валута | 60 дена по валута | 90 дена по валута | 120 дена по валута | над 120 дена по валута |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | 48% | 76% | 83% | 86% | 89% | 96% |
| **Февруари** | 43% | 72% | 81% | 85% | 88% | 95% |
| **Март** | 42% | 73% | 81% | 85% | 88% | 94% |
| **Април** | 42% | 73% | 83% | 87% | 89% | 94% |
| **Мај** | 39% | 75% | 82% | 86% | 89% | 94% |
| **Јуни** | 40% | 72% | 82% | 87% | 89% | 93% |
| **Јули** | 44% | 75% | 84% | 88% | 90% | 93% |
| **Август** | 28% | 75% | 84% | 88% | 90% | |
| **Септември** | 32% | 75% | 84% | 87% | | |
| **Октомври** | 40% | 77% | 80% | | | |
| **Ноември** | 40% | 60% | | | | |

**Графикон 9 Наплата на побарувања кај категорија домаќинства по валути**




Од табеларниот преглед за наплата по валути кај категорија домаќинства можеме да забележиме дека после 120 дена по фактурирањето процентот на наплата достигнува од 93-95 % наплатено од фактурираниот износ за соодветниот месец.

Сето ова укажува на сериозните ликвидни проблеми со кои се соочува СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД во текот на своето работење.

Наведените проценти на наплата се должат на финансиската недисциплина кај одредени потрошувачи од категоријата домаќинства .Овие потрошувачи се обидуваме да ги дисциплинираме со различни мерки како принудно исклучување од дистрибутивниот систем, но ова секогаш не може да се реализира заради пристапот кој треба да биде овозможен од самите потрошувачи.

**Табела 11 Проценти на наплата на побарувања кај категорија домаќинства според месечни прегледи**

| | *2010* | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **дата** | *01/10* | *02/10* | *03/10* | *04/10* | *05/10* | *06/10* | *07/10* | *08/10* | *09/10* | *10/10* | *11/10* | *12/10* |
| **28.02.2010** | 37.14 | | | | | | | | | | | |
| **31.03.2010** | 76.75 | 54.76 | | | | | | | | | | |
| **30.04.2010** | 84.08 | 76.81 | 57.49 | | | | | | | | | |
| **31.05.2010** | 87.17 | 82.57 | 75.61 | 54.90 | | | | | | | | |
| **30.06.2010** | 89.57 | 86.03 | 82.31 | 76.22 | 59.45 | | | | | | | |
| **31.07.2010** | 91.22 | 88.91 | 86.30 | 84.61 | 77.93 | 58.42 | | | | | | |
| **31.08.2010** | 92.26 | 90.39 | 88.53 | 87.72 | 84.25 | 78.31 | 65.88 | | | | | |
| **30.09.2010** | 93.04 | 91.65 | 90.15 | 89.96 | 87.53 | 84.74 | 80.36 | 59.52 | | | | |
| **31.10.2010** | 94.22 | 92.94 | 91.63 | 91.69 | 89.96 | 88.35 | 86.09 | 79.24 | 62.38 | | | |
| **30.11.2010** | 95.05 | 93.93 | 93.02 | 93.08 | 91.80 | 90.80 | 89.51 | 86.61 | 81.40 | 58.77 | | |
| **31.12.2010** | **95.88** | **94.76** | **94.24** | **94.39** | **93.65** | **93.03** | **92.69** | **89.67** | **87.02** | 80.28 | 60.36 | |

Наплатата на побарувањата за задолженијата по месеци во текот на годината кај категоријата потрошувачи - домаќинства , на крајот од годината покажува вкупен просечен процент од 87,94%, што е релативно незадоволително.

Длабинската анализа на оваа табела , како салда по месеци на 31.12.2010,наплата по валути и наплата според месечните извештаи ,покажува дека до посакуваниот и реално остварлив % на наплата од над 95% се доаѓа 10 месеци од фактурирањето, што изразито неповолно се одразува на ликвидноста на друштвото и заради што , имајќи ја во предвид целокупноста на состојбите во стопанството и стандардот на населението снабдувањето бара РКЕ да одобри маржа во висина од минимум 6% како и да ги признае трошоците за обртен капитал.

Секако дека и доколку се одобри бараното, не треба да се биде летаргичен туку напротив треба постојано да се интензивираат напорите за дисциплинирање на потрошувачите во насока на скратување на рокот за плаќање на нивните обврски , со што би се создале и услови за намалување на сега потребната маржа а секако со тоа би се намалил и трошокот за обртен капитал кој е баран од РКЕ.

Во таа насока во 2010 се направени респектабилни резултати во наплатата на старите побарувања , но тие побарувања се на Топлификација АД , така да не се одразија маркантно во СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД како осетно подобрување на наплатата, но сепак и таму има позитивен тренд од некој 1,74 индексни поени.

**Наплата на побарувања кај категорија Останати**

Во категоријата останати потрошувачи се вбројуваат категориите деловен простор, посебни потрошувачи и основни училишта.

Остварената наплата на побарувања кај категорија останати потрошувачи за 2010 година по месеци на настанување на задолжението и наплатата на истото заклучно со 31.12.2010 год. е прикажана во следниот табеларен преглед

**Табела 12 Наплата на побарувања кај категорија останати (денари) на 31.12.2010**

| месец | задолжение за месецот | салдо на 31.12.2009 | наплатено во годината | % на наплата во год. |
|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | 50,633,065 | 890,607 | 49,742,458 | 98.24% |
| **Февруари** | 42,616,702 | 4,276,629 | 38,340,073 | 89.96% |
| **Март** | 34,064,201 | 5,041,373 | 29,022,828 | 85.20% |
| **Април** | 10,874,707 | 1,139,615 | 9,735,092 | 89.52% |
| **Октомври** | 19,832,667 | 8,090,489 | 11,742,178 | 59.21% |
| **Ноември** | 29,815,910 | 12,605,807 | 17,210,103 | 57.72% |
| **Вкупно** | **187,837,251** | **32,044,520** | **155,792,731** | **82.94%** |

**Графикон 10 Наплата на побарувања од продажба по месеци на настанување(денари)**




Остварениот процент на наплата во валути и по валути е прикажан во следниот табеларен преглед

**Табела 12 Наплата на побарувања кај категорија останати по валути**

| месец | во валута | 30 дена по валута | 60 дена по валута | 90 дена по валута | 120 дена по валута | над 120 дена по валута |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | 19% | 59% | 67% | 72% | 77% | 98% |
| **Февруари** | 19% | 29% | 37% | 41% | 44% | 90% |
| **Март** | 17% | 32% | 40% | 43% | 51% | 85% |
| **Април** | 20% | 33% | 37% | 47% | 55% | 90% |
| **Октомври** | 20% | 48% | 59% | | | |
| **Ноември** | 20% | 58% | | | | |

**Графикон 11 Наплата на побарувања кај категорија останати по валути**




**Табела 13 Проценти на наплата на побарувања кај категорија останати според месечни прегледи**

| | *2010* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **дата** | ***01/10*** | ***02/10*** | ***03/10*** | ***04/10*** | ***10/10*** | ***11/10*** | ***12/10*** |
| **28.02.2010** | 23.92 | | | | | | |
| **31.03.2010** | 60.24 | 26.13 | | | | | |
| **30.04.2010** | 69.32 | 34.88 | 26.67 | | | | |
| **31.05.2010** | 72.93 | 38.30 | 36.67 | 27.12 | | | |
| **30.06.2010** | 77.27 | 41.22 | 40.73 | 32.27 | | | |
| **31.07.2010** | 80.06 | 44.34 | 43.50 | 39.25 | | | |
| **31.08.2010** | 88.69 | 55.97 | 57.06 | 53.45 | | | |
| **30.09.2010** | 90.80 | 73.74 | 76.39 | 57.75 | | | |
| **31.10.2010** | 92.23 | 77.50 | 78.20 | 70.81 | | | |
| **30.11.2010** | 97.43 | 83.47 | 83.01 | 83.49 | 34.00 | | |
| **31.12.2010** | 98.24 | 89.96 | 85.20 | 89.52 | 59.21 | 57.72 | |

Податоците за наплатено во Декември не се прикажани бидејќи наплатата по задолжението во Декември е реализирана во 2011година и заклучно со 31.01.2011 година процентот за наплата на декемврискoто задолжение е 28,96%

Наплатата на побарувањата за задолженијата по месеци во текот на годината кај категоријата останати , на крајот од годината покажува вкупен просечен процент од 82,94%, што е незадоволително и се должи на пред се на неплаќањето на буџетските установи заради буџетскиот дефицит.

Длабинската анализа на оваа табела , како салда по месеци на 31.12.2010,наплата по валути и наплата според месечните извештаи ,покажува дека до посакуваниот и реално остварлив % на наплата од над 95% се доаѓа 10 месеци од фактурирањето, што изразито неповолно се одразува на ликвидноста на друштвото и заради што , имајќи ја во предвид целокупноста на состојбите во стопанството и буџетскиот дефицит снабдувањето бара РКЕ да одобри маржа во висина од минимум 6% како и да ги признае трошоците за обртен капитал.

Секако дека и доколку се одобри бараното, не треба да се биде летаргичен туку напротив треба постојано да се интензивираат напорите за дисциплинирање на потрошувачите во насока на скратување на рокот за плаќање на нивните обврски , со што би се створиле и услови за намалување на сега потребната маржа а секако со тоа би паднал и трошокот за обртен капитал кој е баран од РКЕ.

Во таа насока во 2010 се направени респектабилни резултати во наплатата на старите побарувања , но тие побарувања се на Топлификација АД , така да не се одразија маркантно во снабдувањето .

Кај останатите во Снабдување Запад дополнителен проблем од буџетскиот дефицит е и проблемите на општина Карпош со буџетот околу финансирање на основното образование , што придонесе да наплатата во 2010 година биде полоша од истата за 2009.

## Наплата на редовни и тужени побарувања на Топлификација АД Скопје

**Табела 14 Наплатени редовни и тужени побарувања на Топлификација АД Скопје**

| период | наплатено 01/2010 | наплатено 02/2010 | наплатено 03/2010 | наплатено 04/2010 | наплатено 05/2010 | наплатено 06/2010 | наплатено 07/2010 | наплатено 08/2010 | наплатено 09/2010 | наплатено 10/2010 | наплатено 11/2010 | наплатено 12/2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *10/2009* | 76,948 | 1,810,576 | 570,704 | 56,368 | 25,919 | 55,387 | 5,291 | 11,625 | 21,608 | 7,842 | 15,742 | 53,057 |
| *11/2009* | 3,325,188 | 7,125,505 | 3,040,493 | 204,005 | 298,039 | 41,629 | 24,695 | 52,360 | 34,412 | 26,561 | 104,432 | 211,504 |
| *12/2009* | 8,103,268 | 13,990,781 | 10,449,934 | 787,845 | 66,126 | 129,184 | 18,179 | 44,913 | 44,269 | 21,791 | 51,753 | 279,866 |
| *12003 камата* | 0 | 21,036 | 0 | 9,677 | 12,295 | 8,659 | 1,114 | 0 | 0 | 13,362 | 15,198 | 36,374 |
| *12090 тужено ново* | 127,108 | 85,583 | 662,196 | 36,298 | 17,095 | 61,078 | 393,180 | 138,741 | 174,614 | 194,549 | 163,211 | 50,460 |
| *12096 камата на тужено* | 494 | 4,264 | 5,317 | 1,230 | 3,668 | 2,658 | 17,408 | 877 | 36,569 | 17,887 | 46,562 | 6,804 |
| *12090 тужено старо* | 127,051 | 631,808 | 73,036 | 64,038 | 319,278 | 391,694 | 820,221 | 299,118 | 3,526,221 | 2,056,307 | 5,842,524 | 977,052 |
| **I вкупно деловни** | **11,760,057** | **23,669,553** | **14,801,678** | **1,159,460** | **742,420** | **690,288** | **1,280,087** | **547,633** | **3,837,691** | **2,338,298** | **6,239,420** | **1,615,115** |
| *08/2009* | 688,495 | 479,543 | 313,678 | 214,171 | 245,851 | 148,004 | 110,878 | 46,804 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *09/2010* | 1,069,219 | 756,778 | 450,890 | 254,670 | 303,618 | 185,732 | 135,978 | 72,174 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *10/2009* | 2,243,950 | 1,313,020 | 833,036 | 454,769 | 472,740 | 266,989 | 148,801 | 81,406 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *11/2009* | 6,719,024 | 3,073,447 | 1,530,163 | 700,424 | 730,247 | 436,150 | 261,340 | 126,598 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *12/2009* | 11,221,982 | 4,598,030 | 1,889,831 | 629,135 | 609,832 | 336,440 | 284,331 | 86,093 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *12091тужено ново* | 1,176,763 | 632,518 | 555,211 | 533,643 | 444,364 | 618,535 | 509,017 | 274,188 | 302,924 | 427,396 | 376,865 | 526,010 |
| *12091 тужено старо* | 1,425,247 | 1,600,743 | 2,584,687 | 3,213,652 | 2,935,922 | 1,926,612 | 2,251,886 | 1,445,645 | 1,848,294 | 2,231,196 | 2,410,463 | 2,386,443 |
| *12094 камата на тужено* | 62,280 | 10,424 | 54,449 | 56,715 | 52,058 | 90,335 | 89,960 | 53,073 | 87,612 | 122,420 | 101,017 | 161,383 |
| *12004 камата* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3162 | 4194 | 615 | 8963 | 305 | 0 |
| **II вкупно индивид.** | **24,606,960** | **12,464,502** | **8,211,944** | **6,057,178** | **5,794,631** | **4,008,797** | **3,795,352** | **2,190,174** | **2,239,445** | **2,789,975** | **2,888,650** | **3,073,836** |
| **I + II** | **36,367,017** | **36,134,054** | **23,013,622** | **7,216,638** | **6,537,050** | **4,699,084** | **5,075,439** | **2,737,807** | **6,077,136** | **5,128,273** | **9,128,070** | **4,688,951** |

Во табелата 14 е прикажана наплатата на побарувања на Топлификација АД која е резултат на ангажманот на Снабдување Запад во деловната 2010 година. Наплатата е прикажана по месеци, категорија на потрошувачи и по видот на побарувањата (редовни, тужени и камата).

Рекапитуларот на оваа табела покажува дека се напалтени :

Редовни побарувања 95.712.044 денари (51.187.790 ден. од дел. потрошувачи + 44.524.254 ден. од инд. потрошувачи)

Тужени побарувања 49.870.680 денари (17.232.458 ден. од дел. потрошувачи + 32.638.222 ден. од инд. потрошувачи)

Каматни побарувања 1.220.416 денари (261.451 ден. од дел. потрошувачи + 958.965 ден. од инд. потрошувачи)

**Вкупно : 146.803.139 денари (68.681.699 ден. од дел. потрошувачи + 78.121.440 ден. од инд. потрошувачи)**

Со прикажувањето на оваа табела можеме да согледаме дека доколку условно овој ефект од наплата за Топлификација АД се додаде на тековната наплата на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД,се доаѓа до податок дека СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД во деловната 2010 година успеало да наплати на двете жиро сметки(СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД и Топлификација АД ) износ од 41.205.629 денари или 6,5% повеќе од фактурираното за 2010 година . Ова како индикатор за планирање во 2011 година на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД е позитивно,доколку се оствари истото или слично во 2011 па и под услов да има отпис од 5% од фактурираното за 2011 година.

**Ново генерирани тужби во 2010 година**

**Табела 15 Ново генерирани тужби во 2010 година**

| Категорија на потрошувачи | поднесени тужби (салдо 01.01.2010) | бр.на поднесени тужби во 2010 | бр.на ликвидирани предмети | Наплатен износ на тужено |
|---|---|---|---|---|
| **Домаќинства** | 3419 | 1,021 | 3,172 | 32,638,222 |
| **останати** | 260 | 11 | 153 | 17,232,458 |
| Вкупно: | **3679** | **1032** | **3,325** | **49,870,679.5** |

Во текот на 2010 година поднесени се вкупно 1032 нови тужби од кои 1021 за домаќинства во вкупен износ од 7.699.019 и 11 тужби за категорија останати во вкупен износ од 346.971

Додека пак во текот на годината ликвидирани се вкупно 3325 тужби односно 3172 тужби за домаќинства и 153 тужби за категорија останати.

## 5.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ВО 2010 ГОДИНА

### Биланс на Успех

| **Биланс на успех** | **2010** |
|---|---|
| Приходи од продажба на топлинска енергија | 530,044,525 |
| Трошоци за набавена топлинска енергија | 445,060,122 |
| Трошоци за дистрибутивни услуги | 35,173,812 |
| Трошоци за фактор за корекција | 15,483,554 |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **34,327,037** |
| Останати приходи | 8,477,689 |
| Трошоци за материјали и др. | 2,493,709 |
| Услуги за тековно и инвестиционо одржување | 18,118 |
| Осигурување на објекти и опрема | 28,991 |
| Бруто плати | 13,399,858 |
| Менаџерски плати и менаџерски награди | 1,199,164 |
| Концесија за користење на мрежа | 0 |
| Други услуги | 3,104,204 |
| Останати трошоци | 1,120,781 |
| Амортизација | 480,772 |
| Трошоци за придонеси,превземени обврски и даноци | 569,610 |
| Исправка на побарувања | 0 |
| Набавна вредност на стоки | 0 |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **20,389,519** |
| Приходи од финансирање | 0 |
| Приходи од вложувања | |
| Расходи од финансирање | 4,584,458 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ** | **15,805,061** |
| Данок од добивка | 53,097 |
| **Нето Добивка/Загуба за периодот** | **15,751,964** |

## Биланс на состојба

| Биланс на состојба | 2010 |
|---|---|
| **СРЕДСТВА** | |
| **Тековни средства** | |
| Парични средства | 198,896 |
| Побарувања од продажба | 161,359,979 |
| Побарувања за дадени аванси | 0 |
| Останати тековни средства и АВР | 1,946,071 |
| Залихи | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **163,504,946** |
| **Нетековни средства** | |
| Вложувања во подружници | 0 |
| Вложувања во придружени претпријатија | 0 |
| Вложувања расположливи за продажба | 0 |
| Долгорочно дадени заеми | 0 |
| Вложувања во проширувања на мрежата | 0 |
| Недвижности,постројки и опрема | 1,612,476 |
| **Вкупно не тековни средства** | **1,612,476** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **165,117,422** |
| **ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | |
| **Тековни обврски** | |
| Обврски кон добавувачи | 141,204,283 |
| Обврски за примени аванси | 0 |
| Краткорочни обврски по кредити | 5,540,656 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 1,252,313 |
| **Вкупно тековни обврски** | **147,997,252** |
| **Долгорочни обврски по кредити** | 0 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **147,997,252** |
| **Капитал** | |
| Основен Капитал | 1,326,300 |
| Акумулирана добивка | 15,793,869 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ** | **17,120,169** |
| | |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | **165,117,421** |

Биланс на Успех

Билансот на успех претставува извештај кој ги прикажува финансиските резултати од работењето на друштвото што се остварени од неговите оперативни активности.

Од анализата на Билансот на Успех на Снабдување Запад можеме да видиме дека Во текот на 2010 година во Снабдување Запад вкупно беа остварени приходи во износ од 538.522.214 денари. Најголем дел од овие приходи произлегуваат од регулираната дејност испорака на топлинска енергија и тоа 530.044.525 денари за испорачани 143.126 MWh .останатите приходи се приходи од камати од станбени и деловни потрошувачи во износ од 6.237.433 денари како и приходи од сервисирање по сервисни налози во износ од 2.115.528 денари.

Во текот на 2010 година беа остварени вкупни трошоци во износ од 518.132.694 денари.

Најголем дел од трошоците се однесуваат на трошоци за испорака на топлинска енергија во износ од 445.060.122 денари и трошоци за дистрибуција 35.173.812 денари.

Тука припаѓа и трошокот за факторот за корекција во износ од 15.805.061 денари. Овој трошок се јавува само во 2010 година и е трошок кој се однесува на Топлификација АД и кој Регулаторната Комисија за енергетика го одобри во цената за топлинска енергија на Снабдување Запад за 2010 година.

Со спротивставување на приходите од продажба на топлинска енергија со трошоците за набавена топлинска енергија,трошоците за дистрибутивни услуги и трошокот - факторот на корекција се добива бруто добивката која за 2010 година изнесува 34.327.037 денари.

Оперативните трошоци на Снабдување Запад во 2010 година изнесуваат 22.415.206 денари.

Оперативните трошоци се состојат од општи и административни трошоци кои настануваат при остварување на приходите од продажба. Најголем ден од оперативните трошоци се однесуваат на бруто платите кои учествуваат во вкупните оперативни трошоци со 59.7% или 13.399.858 денари.

Големо учество во оперативните трошоци имаат и трошоците за други услуги кои изнесуваат 3.104.204 денари кои во најголем дел се состојат од провизии за наплата на сметки,трошоци за платен промети провизии за наплата со слипови во износ од 1.860.693 денари понатаму значителен дел од овие трошоци се настанати како резултат на закуп на деловен простор во износ од 504.120 денари.

Следна категорија по учество во оперативните трошоци е категоријата Трошоци за материјали и др. кои изнесуваат 2.493.709 денари. Значителен дел од овие трошоци односно 1.396.274 денари се однесуваат на трошоците за приклучување исклучување,понатаму следна категорија се трошоците за канцелариски материјали во износ од 954.415 денари.

Во текот на 2010 година направени се и останати и вонредни трошоци во износ од 1.120.781 денари. Од кои најголем дел 688.894 денари се однесуваат на други лични примања на вработените – регрес за годишен одмор.

Амортизацијата за 2010 година изнесува 480.772 денари. и е пресметана според пропорционалниот метод за амортизирање на основните средства.

Трошоците за придонеси,преземени обврски и даноци изнесуваат 569.610 денари од кои најголем дел ,односно 313.897 денари се направени за обезбедување на лиценци за компјутери. Во оваа група на трошоци се издвојуваат и трошоците за судски такси во износ од 180.207 денари како и трошоците за придонеси за третиот столб 31.000 денари.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување изнесуваат 18.118 денари додека пак трошоците за осигурување се во износ од 28.991 денари.

Оперативната добивка изнесува 20.389.519 денари

Расходите од финансирање изнесуваат 4.584.458 денари и истите се резултат на задоцнето плаќање на фактурите кон Топлификација АД Скопје за набавена топлинска енергија.

Во текот на 2010 година Снабдување Запад оствари позитивен финансиски резултат во износ од 15.751.964 денари.

Од остварениот финансиски резултат можеме да видиме дека профитната маржа на друштвото изнесува 3%.Менаџметнотот на друштвото овој профит го оценува како недоволен имајќи ја во предвид реалната наплата на побарувањата која е таргетирана на 95% од вкупниот приход.

Тоа значи дека 5%од побарувањата остануваат ненаплатени и истите би требало да се отпишат,а тоа би значело загуба на друштвото во следната година.

Од тие причини би требало Регулаторната Комисија за Енергетика да одобри профитна маржа која заедно со приносот на обртен капитал изнесува 5-7% од вкупниот приход.

Биланс на Состојба

Вкупните средства во 2010 година изнесуваат 165.117.421 денари.

Во рамките на вкупните средства тековните средства изнесуваат 163.504.945 денари и истите учествуваат со 99% од вкупните средства.

Најголемо учество во тековните средства имаат побарувањата од продажба во износ од 161.359.979 денари и тоа

- побарувања од купувачи – категорија останати во износ од 86.143.196
- побарувања од купувачи – категорија домаќинства во износ од 71.455.022

Побарувањата по основ на камата изнесуваат 3.361.592 денари.

Вкупните не тековни средства изнесуваат 1.612.476 и истите се однесуваат на недвижности постројки и опрема.

Вкупните обврски изнесуваат 147.997.252 денари.

Најголемо учество во вкупните обврски имаат обврските кон добавувачи во износ од 141.204.283 денари или 95%. Значително учество имаат и краткорочните обврски по кредити во износ од 5.540.656 за користен краткорочен кредит од Топлификација АД.

Останатите тековни обврски ПВР изнесуваат 1.252.313 денари.

Основниот капитал на друштвото изнесува 17.120.169 денари и тоа

- Основен капитал 1.326.300 денари
- Акумулирана добивка 15.793.869 денари

**Клучни бројки Снабдување Запад за 2010 година**

**Биланс на Успех**

| во денари | **2010** |
|---|---|
| **Вкупни приходи** | 538,522,214 |
| **EBITDA** | 20,870,291 |
| **EBIT** | 20,389,519 |
| **EBT** | 15,805,061 |
| **Нето добивка/загуба** | 15,751,964 |

**Биланс на Состојба**

| во денари | **2010** |
|---|---|
| **Вкупни средства** | 165,117,422 |
| **Побарувања од купувачи** | 161,359,979 |
| **Вкупни обврски** | 147,997,252 |
| **Долгорочни обврски** | 0 |

Клучните бројки на Снабдување Запад изнесуваат:

EBITDA т.е. дибивката пред  даноци , камати, амортизација и отписи  20.872.291 денари.

EBIT оперативната добивка  изнесува 20.389.519 и

EBT добивката пред оданочување  изнесува 15.805.061 денари .

Од клучните бројки можеме да видиме поволна структура на финансискиот резултат за 2010 година.

## 6.ОПЕРАТИВНА И РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА ВО 2011 ГОДИНА

Врз основа на согледаните состојби од функционирањето на друштвото во 2010 година ,искуството во еден подолг период, промените во регулативата и актуелните трендови и состојби опкружувањето каде делува друштвото, се наметнува неопходност од креирање стратегија за промени во оперативното работење и секако развој, се заедно во функција на подобрување на услугата,имање на задоволни потрошувачи и ефикасно работење, на задоволство на потрошувачите и снабдувачот.

Во таа насока за деловната 2011 година се предвидуваат следните континуирани активности:

- градење на взаемна доверба помеѓу потрошувачите и снабдувачот
- законско регулирање на ДДО - си со потрошувачите
- промени во организацијата , следењето и контролата на работење на целото друштво а посебно во делот на наплатата, почитувајќи ги принципите на корпоративното управување
- лојални извршители/вработени, нивно профилирање со професионални манири во односите со потрошувачите
- создавање на стабилни и предвидливи услови за дејноста преку поактивна комуникација со надлежните органи во државата
- систем за реално ефикасно мерење на учинокот на секој поединец и рационализација на задачите со цел ефикасно и продуктивно искористување на расположливата работна сила

**Стратегија на развојни активности**

- реализација на инвестиција за мерење на ниво на стан/потрошувач
- реализација на нов билинг систем
- контактен центар

Скопје, Март 2011 год.　　　　Управител

Методи Стојчев дипл. екк